МЦМС

# ЗАСТАПЕНОСТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ

## НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ ЗА МАНДАТ 2020-2024



**Издавач**
Македонски центар за меѓународна политика (МЦМС)

**За Издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршна директорка

**Автор**
Александра Савевска, програмски соработник во МЦМС

**Со поддршка од:**
Фанија Ивановска, помлад соработник на проекти, МЦМС
Блинера Реџепи, помлад соработник на проекти во МЦМС
Биљана Вељаноска, волонтер во МЦМС

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# СОДРЖИНА

Вовед ..... 4
Општо за изборните програми за мандатот 2020-2024 ..... 5
Предлози за граѓанското општество во програмите на политичките партии ..... 7
1. Соработка со граѓанско општество ..... 7
2. Вклученост во креирање на јавните политики ..... 11
3. Законска рамка за здруженија на граѓани и фондации ..... 14
4. Финансиска поддршка за граѓанско општество ..... 15
5. Социјален дијалог ..... 17
Заклучоци ..... 18
Прилог 1. Веб страници на кои се објавени програмите на политичките партии ..... 20

## Листа на кратенки

ВМРО-ДПМНЕ - Демократска партија за македонско национално единство
ДПА Демократска партија на Албанците
ДУИ Демократска унија за интеграција
МЦМС – Македонски центар за меѓународна соработка
СДСМ Социјал демократски сојуз на Македонија

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) преку интегрираната платформа Мојот Избор цели да придонесе за фер и демократски избори, преку поддршка на професионалната и транспарентна работа на изборните органи, зајакнато професионално и етичко известување за изборите во медиумите и промоција на конструктивен демократски дискурс за време на кампањата и во текот на самиот изборен ден и по завршување на зборите.

За време на предвремените парламентарните избори во 2020 година се подготвија мултимедијални содржини за **следење** на изборните програми на политичките партии кои учествуваат во изборниот процес. Види повеќе на: https://mojotizbor.mk/izbori-2020.html.

Во овој извештај се анализира застапеноста на граѓанското општество во предизборните програми на политичките партии низ **квантитативна** и **квалитативна** призма. Во квантитативна смисла е согледано на колку страници се споменува граѓанско општество и дали постојат одделни делови за граѓанско општество за активности и мерки кои треба во иднина да се реализираат. Додека, за квалитативно согледување на заложбите на политичките партии - претенденти за добивање на парламентарниот мандат за период 2020-2024 - кон граѓанското општество, се анализирани 5 теми: **Соработка со граѓанско општество; Вклученост во креирање на јавните политики; Законска рамка за здруженија на граѓански и фондации; Финансиска поддршка за граѓанско општество и Социјален дијалог.** Анализата се фокусира на идните планови на политичките партии и секаде каде што граѓанското општество се споменува во минати и веќе завршени иницијативи и веќе реализирани проекти не е земено во предвид.

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009: Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси. Според оваа дефиниција во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници. Во овој извештај се земени предвид пред сè **здруженијата и фондациите,** како и стопанските комори, организациите на работодавачите и синдикатите.

Резултатите се прикажани во табели посебно за секоја од петте теми на ниво на целиот примерок. Податоците се прикажани во дескриптивен текст и бројки низ графикони и табели. Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа.

## Општо за изборните програми за мандатот 2020-2024

На предвремените парламентарни избори во 2020 година ќе се натпреваруваат 15 политички партии/коалиции кои имаат доставено избирачки листи во Државната изборна комисија. Од овие 15 политички партии 9 имаат подготвено изборна програма и во најголем дел програмите се јавно достапни за јавноста на веб страните на партите. (Види во: Табела 1 и Прилог 1), а се пишувани на македонски, албански и за прв пат една програма е достапна и на знаковен јазик.

**Табела 1. Преглед на избирачки партии претенденти за парламентарен мандат 2020-2024 кои објавиле/доставиле програма (по редослед на избирачко ливче)[1]**

| Политичка партија/коалиција | Програма достапна на Веб страна | Јазик на кој се напишани | Број на страни |
|---|---|---|---|
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | Да | Албански | 68 |
| СДСМ и коалиција Можеме | Да | Македонски, достапна и на знаковен јазик | 266 |
| Левица | Да | Македонски | 31 |
| Алијанса на Албанците и Алтернатива | Не | Албански | 73 |
| Глас за Македонија | Да | Македонски | 237 |
| Интегра | Да | Македонски | 94 |
| Демократска унија за интеграција – (ДУИ) | Да | Албански | 184 |
| Единствена Македонија | Не | Македонски | 4 |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија | Да | Македонски | 339 |

Политичките партии користат различни термини за граѓанското општество. Најчесто ги користат термините: граѓански здруженија, невладини организации, невладин сектор, граѓански сектор, професионални здруженија, здруженија, асоцијации, невладини, итн. Актерите на граѓанското општество се споменуваат во **осум** од деветте понудени програми. Најчесто споменуваниот контекст е во насока на остварување на соработка, вклучување и подобрено државно финансирање на граѓанскиот сектор. Граѓанското општество најчесто се споменува во изборните програми на СДСМ (20), ДУИ (17) и ВМРО-ДПМНЕ (21).

**Табела 2. Колку пати се спомнува граѓанското општество во изборните програми (по редослед на избирачко ливче)**

| Политичка партија/коалиција | Страници[2] | Посебен дел за ГО |
|---|---|---|
| ДПА | **5/70** (35,46, 50, 55, 56) | / |
| СДСМ и коалиција Можеме | **21/266** (44, 55,117, 119, 157,158,161,165,172,182, 191, 198, 205, 206,228,245,247,256,261,262,263) | / |

[1] Политичките партии: Политичка партија демократи, Граѓанско демократска унија, Твоја партија на своите веб страни имаат објавено само текстови без линкови за пдф или слични фајлови со можност за симнување кои дел се политички програми и дел приоритети и поради нејасности не се земени во предвид. Веб сајтот на политичката партија Социјалдемократска унија е компромитиран и е небезбедно да се отвори. Политичките партии: МОРО работничка и Народна партија на Ромите немаат веб каде може да се пребара нивната програма.

[2] На колку страници се спомнува (од вкупно колку, на пр. на 5 од вкупно 70 страници).

| | | |
|---|---|---|
| Левица | **5/31** (5,7,9,12,25) | 3 глава во дел 8 |
| Алијанса на Албанците и Алтернатива | **7/70** (11, 36, 37, 44, 63, 64, 68) | / |
| Глас за Македонија | **10/238** (14, 38, 44, 51, 54, 61, 119, 194, 210, 226) | / |
| Интегра | **3/94** (20, 28, 90) | / |
| ДУИ | **17/184** (18, 44, 55, 59, 64, 80, 94, 128, 149, 153, 154, 157, 164, 165, 168, 170, 169) | 4 глава во 4 и 7 наслов |
| Единствена Македонија | / | / |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија | **20/340** (36,46, 54,79,83, 136, 137, 240, 243, 244, 253, 278, 281, 287, 290, 319, 320, 321, 322, 366) | 4 столб во дел 7 |

Во четири (Левица, Интегра, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ) од понудените изборни програми политичките партии посветуваат посебен дел насловен за граѓанското општество. Во овие делови најчесто се истакнува важноста на експертскиот потенцијал на актерите на граѓанското општество и нивното вклучување во градењето на државните политики, но и потребата од зајакнување на граѓанскиот сектор и неговото независно делување од државата и институциите. Во останатите изборни програми граѓанското општество се споменува во различните секторски идни мерки и програми.

**Табела 3. Посебни делови посветени на граѓанско општество во програмите**

| **Политичка партија/коалиција** | **Наслов на посебен дел** |
|---|---|
| ДПА | / |
| СДСМ и коалиција Можеме | / |
| Левица | Невладин сектор |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | / |
| Глас за Македонија | / |
| Интегра | Граѓанско општество |
| ДУИ | Медиуми и граѓанско општество<br>Активно граѓанско општество |
| Единствена Македонија | / |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија | Инклузивен граѓански сектор |

## Предлози за граѓанското општество во програмите на политичките партии

Политичките партии во Македонија на граѓанското општество гледаат од различни агли и перспективи. Генерално релациите на политичките партии со граѓанското општество се уште во зародиш, со забележлива нагорна линија на препознавање и вклучување. Во програмите на партиите актерите на граѓанско општество се застапени како: промотори на човекови права, коректив на власта, активни креатори на политики во различни сектори (здравство, економија, одбрана, образование, правда, спорт, итн.), и особено како влијателни во демократизацијата и социјалниот и економскиот развој на државата. Застапеноста на граѓанското општество во понудата на политичките партии за мандатот 2020-2024 се разликува во обем и содржина.

### 1. Соработка со граѓанско општество

Политичките партии во предлог програмите нудат широко поле на соработка со актерите на граѓанското општество. Воспоставувањето на соработка со граѓанско општество е најшироката и најобемната тема во споредба со сите останати. Во осум од деветте понудени изборни програми соработката со граѓанското општество е експлицитно предложена во насока на искористување на експертскиот потенцијал кој го поседуваат актерите на граѓанското општество со цел реализирање на предвидените секторските програми и проекти. Дел од партиите (СДСМ, Алијанса за Албанците и Алтернатива и ВРМО-ДПМНЕ) предвидуваат воспоставување на посебни платформи и центри за дијалог, соработка и консултации со граѓанските организации. ДУИ меѓу другото, се залага за воспоставување на поголема соработка со здруженијата на медиуми. Партијата Глас за Македонија предвидува создавање отворени канали на комуникација со граѓанско општество, додека партијата Интегра се залага за граѓански сектор на невладини организации кои се независни од државата со цел унапредување на јавниот интерес. Партиите ДПА и ДУИ предвидуваат интензивирање на соработката со здруженијата од секторот култура.

**Табела 4. Соработка со граѓанско општество**

| Пол. партија | Предлози за мандат 2020-2024 |
|---|---|
| ДПА | - Врска и членството во меѓународни асоцијации, фондови и разни фондации, стр.46;<br>- За зајакнување на младите, ДПА има поставено стратешки цели Соработка со невладини и владини организации, стр. 50;<br>- Соработка на ДПА со албанската дијаспора или нашите сонародници (...) Во ова патување, емигрантите организираа разни активности во земјите на миграција, со што се создадоа различни здруженија, кои во најголем дел работат кон економски, политички и културен развој, стр.55;<br>- Поттикнување на културниот развој на албанската дијаспора од Северна Македонија (...). Збогатување и снабдување на библиотеките со разни литератури организирани во рамките на албанските здруженија во дијаспората ќе биде приоритет на ДПА, стр. 56. |
| СДСМ и коалиција Можеме | - Во соработка со граѓанскиот сектор и професионалните здруженија ќе започнеме кампања против пречестото препишување на антибиотици, со обука на матичните лекари но и родителите и граѓаните, стр. 119;<br>- Целосно ќе ги вклучиме здруженијата на пациенти во креирање и мониторинг на здравствените политики и на квалитетот на здравствените услуги, стр. 117;<br>- Ќе го зголемиме бројот на креативни центри и инкубатори, каде што млади и стартап фирми, здруженија на граѓани и самостојни уметници, фриленсери ќе ги имаат сите можности да работат заедно и да создаваат заеднички, стр. 165; |

| | |
|---|---|
| | - Ќе направиме Стратегија за јавна дипломатија која внимателно ќе ги одреди целите и насоките, како и задолженијата на сите засегнати и надлежни институции, и ќе ги усогласи надворешно-политичките цели и националната културна политика. Во изготвување на оваа стратегија покрај претставници од владините институции ќе бидат вклучени и невладините и меѓународните организации, стр. 247;<br>- Ќе воспоставиме Центар за стратегиски истражувања со вклучување на високообразовните институции....Ќе ги вклучиме невладиниот сектор, бизнисот и граѓаните како активен партнер и коректив, а во насока на зајакната синергија и соработка во делот на безбедноста и одбраната, стр.256;<br>- Сакаме да создадеме динамичен екосистем на отворени податоци, во кој податоците се произведуваат, отвораат, збогатуваат и повторно се користат од различни чинители од јавниот, приватниот, академскиот и граѓанскиот сектор, 191;<br>- Важна партнерска улога во работата на Советите на регионите ќе има академската и бизнис заедницата, како и граѓанскиот сектор, стр.206;<br>- Ќе ја покренеме иницијативата за Регионален центар за дијалог – Преспа форум. Овој регионален центар ќе ја развива прекуграничната соработка, дијалогот, меѓусебното разбирање и надградба на пријателските односи меѓу трите држави, поврзувајќи го граѓанскиот сектор и државните институции, особено локалните власти, стр.245;<br>- Ќе имаме проактивна соработка со сите институции, политички партии, бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и медиумите со цел да се доближи преговарачкиот процес до граѓаните, стр.262;<br>- Преговараме во име на целата држава. Затоа, преговорите ќе ги опфатат сите: Владата, администрацијата, Собранието, регулаторите, граѓанскиот сектор, академската заедница, деловниот свет, стр.262. |
| Левица | - Засилување на соработката меѓу институциите, асоцијациите и експертите – преку воведување вообичаена практика, издигната на ниво на уставен обичај, за т.н. парламентарни расправи, односно заеднички организирани јавни дебати, панел дискусии и отворени настани во Собранието на РМ за полесен граѓански пристап до сите неопходни информации во врска со можностите за покренување соодветни постапки за регулирање и заштита на колективни права, стр. 7;<br>- Соработка со асоцијациите, здруженијата и граѓанските организации кои работат во сферата на човековите права, во насока на подобрување на законската регулатива и поголемо почитување на уставните права на граѓаните, стр.12;<br>- Јавна кампања за штетните последици од нееколошкото третирање на културите (партнерство со медиуми, земјоделски асоцијации и сл.), стр.25. |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | - Развојот на граѓанското општество е еден од основните столбови на современите демократии, кој се реализира - меѓу другото - преку отворен дијалог, соработка и партнерство меѓу граѓаните, граѓанските организации, јавноста во и јавни и државни институции. Ние ќе донесеме отворена стратегија за управување и акционен план, вклучително и прилагодување на нормативната и правната рамка за јавна расправа и јавни консултации, кои ќе бидат усогласени со Законот за право на пристап до информации, стр. 63-64;<br>- Во првите 100 дена од нашето владеење, Секретаријатот за европски прашања ќе подготви акционен план за да одговори на преостанатите барања на Европскиот совет од јуни 2018 година (...), зголемување на административниот капацитет на институциите за усогласување на локалното законодавство со европското законодавство, познато како „acquis communautaire“, како и целосна транспарентност на преговорите за да се овозможи надзор на процесите од граѓанското општество и граѓаните, како и одговорност од страна на владата, стр.68. |

| | |
|---|---|
| Глас за Македонија | - Создавање отворени канали на комуникација со медиумите, граѓаните и невладините организации, и неменување на начинот и процедурата на избор на Претседателот на државата (непосреден избор од страна на граѓаните), стр. 14;<br>- Поголема отвореност, јавност и транспарентност во работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, односно на Правосудниот совет, со обезбедено задолжително и активно учество на јавноста (адвокатите, правните експерти, претставници на граѓанските организации и медиумите) на неговите седници, со посебен фокус на постапките за избор, унапредување, оценување и казнување на судиите и обвинителите, стр. 38;<br>- Јакнење на независноста и непристрасноста на Државната комисија за спречување на корупцијата преку темелни промени во начинот на избор на нејзините членови во отворена и јавна постапка, преку јавно претставување на кандидатите во соодветните тела на Собранието и со учество на претставници на невладиниот сектор и релевантни експерти во антикорупциската сфера при изборот, стр.44. |
| Интегра | - ИНТЕГРА се залага за граѓански сектор на невладини организации, кои функционираат на доброволна основа и приватна иницијатива, независно од државата и нејзините институции, со цел за унапредување на јавното добро и јавниот интерес, стр. 90. |
| ДУИ | - Делегатите на Четвртиот Конгрес на ДУИ сметаат дека заштитата на животната средина и неговата одржлива употреба е заедничка задача за сите, централни и локални институции, граѓани, невладини организации и економски активисти (...). Имаме за цел нулта емисија на јаглерод/карбон, стр.44-45;<br>- ДУИ, со својот дипломатски потенцијал, се посветува на максимална можна соработка на држави и други меѓународни фактори, во мултилатерални организации, како и на државни или невладини ад-хок форуми, за третман и изнаоѓање можни решенија за големи заканувачки предизвици за човештвото, стр. 55;<br>- ДУИ ќе се вклучи во кампања насочена кон подигнување на свеста кај граѓаните и другите учесници во правосудниот систем, транспарентност меѓу институциите во правосудниот сектор, зголемување на бројот на членови во борбата против корупцијата и општо јавната свест на јавноста. Улогата на различни здруженија (корисници на различни грантови) е неизбежна во реализацијата на овие активности, стр. 59-60;<br>- Во исто време, ние ќе се заложиме да соработуваме со Здружението на производителите на тутунската индустрија и Стопанската комора да ја намалиме разликата во цените меѓу нивоата за тутун, како и да им овозможиме на одгледувачите на тутун да добијат право да користат субвенции за зелена нафта, овозможувајќи им да ги намалат трошоците за време на нивната активност, стр. 94-95<br>- Силна поддршка на албанското стоматолошко здружение за време на своето работење, во исто време користејќи ги нивните професионални капацитети, стр. 149;<br>- Со оглед на фактот дека докторот е главниот столб на здравствениот систем, во соработка со коморите и здруженијата на лекарите, и земајќи ги предвид потребите и барањата на лекарите, ќе спроведеме конкретни проекти за унапредување на статусот на лекарот и придружниот медицински и технички персонал, стр. 153;<br>- Културата е честа карактеристика и верба на општеството каде се вклучуваат многу аспекти, како што се: јазик, обичаи, вредности, норми, правила и многу повеќе (...) Афирмирањето на културно-фолклорната активност, што главно ја врши граѓанскиот сектор, е многу важно за претставување на нашите вековни традиции, со кои посебно внимание ќе се посвети на институционалното обликување на многу други културни активности, стр. 154; |

| | |
|---|---|
| | - Нашата заложба ќе се фокусира на проширување и продлабочување на соработката со здруженијата на медиуми, како што се: Македонско здружение на новинари, Совет за етика во медиумите, но и со други здруженија во интерес на медиумската работа, стр. 164;<br>- Засиленото граѓанско општество е клучна компонента на секој демократски систем што промовира учество и придонесува за сеопфатен развој на општеството, како и за подобрување на квалитетот и животниот стандард. Постигнување на ниво на добро информирано граѓанско општество за да се овозможи влијание, интерконекција и можности за развој на општеството во земјата. Учеството на граѓанското општество во сите сегменти на општествениот живот ќе биде охрабрено, стр. 165;<br>- Младите за рамноправно општество. Отворање на младински центри на локално ниво. Зајакнување на структурите и капацитетите на младинските организации, стр. 168. |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за МК“ | - Да се воспостави платформа на која граѓанските организации ќе можат да ги прикачуваат анализите, истражувањата и другите документи кои се производ на нивната работа а кои можат да бидат искористени во процесот на креирање политики и извлекување податоци кои би можеле да го помогнат донесувањето на одлуки и утврдувањето на приоритети. Во рамки на оваа платформа ќе се остварува и соработка на институциите со граѓанските организации, претставници на меѓународните организации и синдикатите. Буџет: 200.000 денари, стр.54;<br>- Зајакнувањето на цивилното општество и на граѓанските здруженија и организации е клучот за изградба на успешен и квалитетен политички систем. ВМРО-ДПМНЕ верува во независни и политички ослободени граѓански организации кои ќе ја играат улогата на непристрасни и вистински контролори на работата на политичките институции, стр. 79;<br>- Медиумскиот простор во Македонија е ретко исполнет со информации за младите и нивните иницијативи, проекти, заложби и достигнувања. За таа цел, ќе промовираме 100 најдобри млади од Македонија и дијаспората, од јавниот, приватниот, академскиот, невладиниот, културниот, спортскиот сектор, стр.287;<br>- Со предложените проекти предвидуваме граѓанскиот сектор да прерасне во стратешки соработник на државните институции во сите сектори и области. Потребно е, експертизата и фокусираниот квалитет во работа на граѓанскиот сектор да се стави на услуга на стратешките приоритети на државата, стр. 321;<br>- Дополнително на континуираната консултација на граѓанскиот сектор и Владата, минимум еднаш годишно ќе се реализира Годишна конференција на граѓанскиот сектор на која ќе присуствуваат премиерот, министрите во Владата и невладините организации каде што ќе се утврди на кое ниво е меѓусебната соработка и што е потребно за понатамошно унапредување на истата, стр. 322;<br>- Зајакнување на довербата и угледот на АРМ кај цивилните структури и населението и зацврстување на интеракциската врска и меѓусебната поддршка за реализација на активностите со владини и невладини организации, локалната самоуправа и други субјекти и организации, стр. 240;<br>- Дефинирање на стратегија за млади лекари, во целосна соработка со здруженијата на специјализанти од сите области, стр. 253;<br>- Советот за еднаквост и демократија во себе ќе вклучи владини претставници од повеќе сектори, невладини организации кои работат на полето на инклузијата, еднаквоста и демократијата, домашни и странски експерти, стр. 278;<br>- Во рамките на новоформираните Младински центри, а со цел поттикнување на претприемништво и подобрување на професионалните вештини, ќе се организираат обуки за дигитални вештини, кариерно советување, обуки за доквалификација и преквалификација во соработка со стопанските комори, обуки за аплицирање на грантови од владини и невладини институции, грижа |

| | |
|---|---|
| | за менталното здравје и личниот развој, техники на вмрежување (networking). Буџет: 3 милиони денари, стр. 281;<br>- Зголемена соработка на општините со спортските федерации и асоцијации, стр. 336. |

## 2. Вклученост во креирање на јавните политики

Политичките партии предвидуваат вклучување на граѓанското општество во креирањето на јавните политики. Вклучувањето на граѓанското општество во креирањето на политиките во најголем дел од предлог програмите на партиите е на ниво на општи заложби без детали и конкретни мерки. Од партиите кои имаат подготвено изборна програма: ДПА се залага за поттикнување на **развојни студии за заштита на животната средина,** СДМС се залага за воспоставување на посебен **„Delivery unit“** под капа на премиерот кој ќе биде задолжен за проверка на легислативата и нудење на поволни решенија; ААА се залагаат за подобрени **здравствени политики** во соработка со здруженијата; Глас за Македонија предвидува **поголемо вклучување на невладините** во носење на закони и одлуки; ДУИ планира развој на системот на **учење на возрасни** додека ВМРО-ДПМНЕ предвидуваат вклучување на граѓанскиот сектор како **стратешки партнер во креирањето и реализирањето** на државните цели.

**Табела 5. Вклученост на граѓанско општество во креирање на јавните политики**

| Пол. партија | Предлози за мандат 2020-2024 |
|---|---|
| ДПА | - Поттикнување на едукативни и истражувачки програми и проекти и поттикнување на развојни студии за заштита на животната средина, како и поддршка на проекти и активности на невладини организации формирани за заштита на животната средина, стр.35. |
| СДСМ и коалиција Можеме | - Новиот закон за превоз во патниот сообраќај ќе предвиди и воспоставување на координативно тело составено од сите релевантни институции и здруженија на превозници, стр. 55;<br>- За да воспоставиме структурен дијалог со граѓанското општество, ќе го вклучиме граѓанското општество во консултациите систематски, односно ќе се утврди динамиката на консултативните процеси и начините на влијанието од учеството на граѓанското општество во креирањето политики. Дополнително, ќе го поддржиме граѓанското општество да креира модел за учество на граѓанските организации во идната преговарачка ЕУ структура на земјата што ќе овозможи преку репрезентативен и инклузивен модел учество на граѓанските организации во Секторските работни групи и Секторските мониторинг комитети, ќе го задржи репрезентативниот и инклузивен модел за учество на граѓанските организации во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, ќе ја унапредува структурната соработка со граѓанското општество преку Советот за Отвореното владино партнерството, стр. 158;<br>- Ќе ги развиваме културните навики и потреби уште од најмала возраст преку имплементација на неформални образовни и развојни програми во градинките и училиштата развиени од педагози и професионалци од граѓанскиот сектор. Ќе организираме мобилни претстави за деца и млади во различни општини и региони, стр. 161;<br>- Ќе поддржиме создавање на мобилно кино. Центрите за култура, граѓанските здруженија, дистрибутерите, фестивалите, ќе создадат мобилна и разновидна кино програма, која ќе допре и до најдалечните урбани и рурални заедници, стр. 161;<br>- Искористување на постоечките капацитети на локалните установи во развој на нови модели на локални културни институции преку системот на јавно-приватно (граѓанско) партнерство помеѓу општините и граѓанскиот сектор, стр. 165; |

| | |
|---|---|
| | - Ќе ги повикаме сите невладини организации и активисти да укажат на постојните форми на дискриминација и создавање стереотипи во основното и средното образование, стр. 172;<br>- Посебен Delivery unit ќе започне да функционира директно под капата на премиерот со цел да се прегледа легислативата и да се обезбедат јасни и недвосмислени законски решенија. Тимот ќе содржи експерти од науката и праксата, а ќе ги повикаме невладините организации, здруженијата, коморите и синдикатите да даваат континуирано предлози за прашања кои треба да се дефинираат подобро. Таа шанса ќе ја отвориме и за граѓаните и ќе обезбедиме и награди за најкреативните предлози, стр.182;<br>- Во соработка со коморите, синдикатите и невладините организации сериозно ќе ги разгледаме предлозите за неколку часа неделно „Работа од дома“, кои имаат еколошки и финансиски предности, стр. 198;<br>- Реално учество на граѓаните и заедниците во работата на општината. Граѓаните и здруженијата ќе имаат можност да предлагаат точки на дневен ред и да учествуваат во работата на Советот. Граѓаните, здруженијата и месните заедници задолжително ќе учествуваат во донесувањето на развојните програми и на буџетот на општината, стр. 205;<br>- Воведуваме засилена контрола на увоз и извоз на отпад, собирање, складирање и третман на сите видови на отпад, како и вонредна контрола на сите издадените дозволи за управување со отпад. Ќе ги повикаме невладините организации да ни се приклучат заради транспарентност и зголемена доверба кај граѓаните, стр. 228. |
| Левица | - Транспарентност и зголемена инспекциска контрола на тендерите, односно Бирото за јавни набавки да ги објави сите податоци за трошење на народните пари (како отворени и јавно достапни информации), за да им се овозможи на граѓанските здруженија и на истражувачките новинари да го испитуваат евентуалното постоење на разработени клиентелистички мрежи и клики, стр. 9. |
| ААА | - Ќе донесеме Закон за активност на лекарот, со цел подобрување на условите за работа и правно и физичко обезбедување. Законот ќе биде подготвен во соработка со Комората на лекари, здруженија на лекари и здравствени работници и соработници, стр. 36;<br>- Ќе изградиме ефикасни механизми за враќање на достоинството на Комората на лекари, која е независна професионална организација за заштита и унапредување на професионализам, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, следење/мониторинг на односот на здравствените работници со граѓаните, и за заштита на интересите на медицинската професија, стр. 37;<br>- Формирање на Фискален совет. Целта на овој совет е правична и професионална проценка на состојбата на буџетот и политиките на јавната потрошувачка, јавниот долг, буџетскиот дефицит, инфраструктурни проекти и давање препораки на Владата за изготвување на овие политики. Фискалниот совет ќе биде финансиски поддржан од Владата, додека неговиот состав ќе го изгласа Собранието со 2/3 од гласовите. Советот ќе биде составен од експерти од областа на економијата, кои доаѓаат од универзитети, граѓанско општество и стопански комори, гарантирајќи фер и соодветна етничка застапеност (...), стр. 44. |
| Глас за Македонија | - Собранието не обезбедува институционален канал и механизми за продирање на идеите и предлозите на граѓаните, експертите и граѓанските организации до носителите на извршната власта, кои истите ќе мораат сериозно да ги земат предвид и вградат при носењето на одлуките и креирањето на политиките во определени области, стр. 51;<br>- Поголема вклученост на невладините организации во процесот на донесување на закони и одлуки на централно и локално ниво, стр.54; |

| | |
|---|---|
| | - Проектите во здравството ќе се организираат и спроведуваат според потребите и во соработка со граѓанските и стручните здруженија, со организирање на посебен сектор во Министерството за здравство во координација со Министерството за труд и социјална политика и другите ресорни министерства за ваквата соработка.<br>1. континуирана едукација на децата и младите во тек на лекувањето.<br>2. континуирана социјална и психолошка поддршка на заболените од малигни и тешки хронични заболувања, како и нивните семејства<br>3. континуирана соработка помеѓу здруженијата и Министерството за здравство<br>4. континуирана здравствена едукација на населението преку образовниот систем, стр. 119;<br>- Поттикнување за поголемо ангажирање на невладините организации, во организирањето трибини со информативна и едукативна природа, на теми поврзани со здравјето, екологијата и човековите права, стр. 210. |
| Интегра | - Отстранување на правните и административните пречки за воспоставување и успешно работење на земјоделските задруги и други правни лица, основани од страна на земјоделците, особено во фискалниот домен и пристапот до финансии. Олеснување на создавањето нови задруги, развој на веќе постоечките задруги, со мобилизирање на невладини организации и други форми на техничка помош, стр. 28;<br>- Ќе се ослободува иницијативата на приватниот сектор, во насока на интензивирање на партнерскиот однос со невладиниот сектор и граѓанските организации во таргетирани области од вредносниот морално – етички корпус, образовно - едукативната компонента, науката и истражувањата, културата и уметностите, спортот, младинските и студентските иницијативи, унапредувањето на правата на ранливите категории граѓани (бебиња, деца, млади до 18 години, стари и изнемоштени лица, лица со посебни потреби, инвалидизирани и со пречки во развојот, болни, сиромашни и сл.) итн, стр. 90. |
| ДУИ | - Ние сме посветени да ги градиме нашите политики во соработка и партнерство со граѓанското општество, социјални донатори, академискиот свет, медиуми, синдикати, евро-американска заедница и сите оние кои ги споделуваат нашите вредности, стр. 18;<br>- Доброто управување значи најпосакуван начин како јавните институции ги водат јавните работи и управуваат со јавните ресурси. Управувањето е процес на донесување одлуки и процес со кој се спроведуваат одлуките, па доброто управување ќе вклучува: одговорно управување, ефикасно и професионално управување, дигитално општество, борба против корупција, слободни медиуми и активно граѓанско општество, стр. 64;<br>- Создавање можности за учење на возрасни и подобрување на нивните вештини и капацитети е од суштинско значење за секоја земја, влијаејќи врз нејзиниот економски развој, активно учество на луѓето во заедницата и граѓанското општество, негувајќи поддршка и почит кон културниот дијалог, зајакнување на статусот на учење и знаење во култивирање на вредностите на културата на живеење. Затоа, ќе продолжиме да работиме на натамошно усогласување на системот за образование на возрасни и доживотно учење со стандардите применети во земјите на ЕУ и прилагодување на истите кон нив, стр. 128-129;<br>- Институционална соработка. Активностите за вклучување на граѓанското општество во процесот на креирање политики, дијалог и развој на граѓанското општество ќе продолжат на уреден и ефикасен начин, стр. 165. |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за МК“ | - Ќе иницираме формирање на професионално тело за саморегулација на медиумите, под закрила на АВМУ. Телото би било репрезентативно на различните новинарски здруженија и медиуми. Буџет 180.000, стр. 46. |

| | |
|---|---|
| | - Зголемување на обемот и квалитетот на отворени податоци на државните институции и нивно користење од невладиниот сектор, новинарите, научниците, стр. 36;<br>- Ќе биде прецизирана деловничка обврска за задолжително вклучување на експертската и стручната јавност, како и на граѓанските организации во работата на собраниските комисии, стр. 79;<br>- Допрецизирање и заживување на идејата за формирање посебни лоби групи и здруженија по урнекот на западните демократии. Ќе бидат предложени измени и дополнувања на постојниот Закон за лобирање, стр. 83;<br>- По темелна анализа и во соработка со домашни експерти и граѓански сектор, а со цел постигнување широка натпартиска поддршка, предвидуваме изготвување нов закон со кој ќе се направи спојување на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност во една единствена модерна безбедносно-разузнавачка служба во согласност со ЕУ и НАТО стандардите, Буџет: 300.000.000 денари, стр. 243;<br>- Единствен национален механизам за координација на највисоко ниво за тела кои управуваат со системот за управување со кризи со функциите на другите институции кои имаат оперативен капацитет, како што се: Професионални противпожарни бригади, (....), тимови на Црвен крст, (...), невладини и граѓански здруженија и други, стр. 244;<br>- Нашата визија за новото време, во однос на граѓанскиот сектор, е создавање на инклузивен, независен и професионален невладин сектор, кој е стратешки партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата, стр. 319. |

## 3. Законска рамка за здруженија на граѓани и фондации

Подобрувањето на законското решение за здруженијата и фондациите отсуствува кај голем дел од изборните програми освен кај политичката партија ДИУ кои планираат воспоставување на **регистер на организации за млади** и партијата ВМРО-ДПМНЕ кои планираат донесување на **нов и целисходен Закон за здруженија и фондации**. Дополнително, ВМРО-ДПМНЕ предвидува и воспоставување на **функционален систем за реализација на донации и спонзорства за НВО**. За разлика од нив, политичката партија Левица во изборната програма ја користи дерогирачката фраза „десоросоизација на граѓанскиот сектор“ со што на некој начин се продолжува црната кампања против граѓанскиот сектор од минатото.

**Табела 6. Законска рамка за здруженија на граѓани и фондации**

| Пол. партија | Предлози за мандат 2020-2024 |
|---|---|
| Левица | - Десоросоизација на граѓанскиот сектор во Македонија, преку санкционирање на ширењето политичка пропаганда платена со странски пари, а спроведена преку домашни „тинк-тенкови“ и невладини организации, стр. 12. |
| ДУИ | - Спроведување на Законот за младинско учество и младински политики - Регистар на организации за млади, Буџет: 1.000.000,00, стр. 170 . |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за МК“ | - Нефункционалната законска регулатива доведува до намален капацитет на можностите на граѓанскиот сектор во Македонија. Оттука е нужно потребно, по сеопфатна дебата во партнерски однос со граѓанскиот сектор, да се донесе нов и целисходен Закон за здруженија и фондации, стр. 319;<br>- Повеќе од неопходно е  менување на Закон за донации и спонзорства со цел тој да стане применлив и функционален. Со измена на законот ќе предвидиме:<br>• регулирање и функционализација на процесот на донации и спонзорства за НВО со цел даночно поттикнување на бизнисите;<br>• поедноставување на постапката за потврдување на јавен интерес на граѓанска организација и фондација;<br>• регулирање на даночни поттикнувања кај ПДД и долгорочни донации со цел одржлив систем на финансирање на НВО, стр. 321. |

## 4. Финансиска поддршка за граѓанско општество

Финансирањето на граѓанските организации е споменато во седум од деветте политички изборни програми. Кај дел од политичките партии предвидено е формирање на посебен **фонд за развој на граѓанскиот сектор и зголемување на средствата** (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ), партијата Левица предвидува формирање на **ново централно тело** (Комисија за странски фондации) кое ќе биде надлежно за фондовите на НВО секторот. ДПА предвидува финансиска поддршка за **проекти во животна средина**; ААА предвидува **посебни фондови за развој на културата** на заедниците; Глас за Македонија се залага за **поддршка на женските невладини организации** и нивно поттикнување додека ДУИ предвидува **фондови за поддршка на младинските организации**. Дополнително, политичките партии (СДМС, Глас за Македонија и ВМРО-ДПМНЕ) предвидуваат **реформа на процедурите за финансирање на граѓанското општество** со цел воспоставување на кредибилно и транспарентно финансирање.

**Табела 7. Финансиска поддршка за граѓанско општество**

| Пол. партија | Предлози за мандат 2020-2024 |
|---|---|
| ДПА | - Финансиска поддршка преку програмата за инвестирање во животната средина за невладини организации, општини, еколошки здруженија, стр. 35 |
| СДСМ и коалиција Можеме | - Фондот за млади умови, со целосно вклучување на ученици, родители, професионални здруженија и училишта, стр. 44;<br>- Ќе го зголемиме уделот на државното финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, со цел да се достигне **удел од 30%** (околу 2 милијарди денари) **во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година**, стр. 157;<br>- **Ќе ја реформираме процедурата на планирањето на средствата** (задолжителни консултации за приоритетите); одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓанските организации); доделувањето и известувањето за државното финансирање кон граѓанските организации, мониторингот од постигнатото и евалуација итн., стр. 157;<br>- Ќе воведеме механизми за унифицирано планирање, односно **ќе обезбедиме повеќегодишно планирање** на средствата за граѓанските организации, стр. 157;<br>- Ќе ја подобриме програмската поддршка на граѓанските организации преку независен **Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество**, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност, стр. 157;<br>- Преку Фондот за поддршка и развој на граѓанското општество ќе се овозможи **ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации** кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската Унија, стр.158;<br>- Целта е **фондовите да ги приближиме до граѓаните** – да им бидат подостапни, повидливи. Тоа значи дека покрај државните институции, новите средства од ИПА 3 ќе ги обезбедиме и за општините, училиштата, синдикатите, маргинализираните групи, работодавачите, невработените, малите и средните претпријатија, граѓанските организации, универзитетите и истражувачките институции, па дури и за неформалните групи на граѓани, стр. 263. |
| Левица | - **Ново централно државно тело** (на пр. Комисија за странски фондации), преку кое ќе течат сите комуникации, грантови, донации, исплати и трансфери помеѓу фондациите – како инвеститори, и НВО секторот – како спроведувачи на проектите, стр. 12. |

| | |
|---|---|
| ААА | - Соодветно распределување на буџетот за културата. Коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива ќе се грижи покрај централните проекти, да се создава и, албанската култура да биде еднаква како составен дел од културниот идентитет на Северна Македонија и да има посебни фондови за развој на културата на другите заедници, кои ќе овозможат заштита на нашиот национален културен идентитет, меѓу другото, преку стратешко инвестирање во грижата за културните институции и местата за културно наследство, како и за **поддршка на работата на невладините организации на албанската култура**, стр. 11. |
| Глас за Македонија | - **Измени во начинот на финансирање** на граѓанскиот сектор, изразени преку намалување на нивната врзаност за странски извори на финансиска поддршка, а во функција на поголема одржливост во работењето на невладините организации и гарантирање на нивна поголема независност, стр. 54;<br>- Со буџетски средства **поттикнување на работата на невладините организации кои работат на женските права**, задолжително мониторирање на нивната работа, и барање конкретни резултати, особено преку споредбена анализа на активностите и показателите од нив, во различни временски периоди, стр. 194;<br>- Поддршка на женските невладини организации во отворањето и одржувањето алтернативни медиумски средства, стр. 226. |
| ДУИ | - Поддршка и **развој на здруженија на кластери** за подобрување на конкуренцијата на странските пазари, стр. 80;<br>- Во рамките на Програмата за финансирање на проекти од областа на дијаспората, ќе се финансираат проекти / програмски активности на здруженија, правни и физички лица за сферите: продлабочување на културната соработка помеѓу Република Северна Македонија и дијаспората; промовирање на мајчин јазик, традиција и култура; постоење на електронски и напишани медиуми на мајчин јазик за потребите на граѓаните на Република Северна Македонија во дијаспората, стр. 157;<br>- Обезбедување **финансиска поддршка** од страна на локалните и националните власти во однос на поттикнување на младинското учество, **иницијативи и здруженија на млади**, стр. 169. |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за МК“ | - Со цел популаризација на спортските и забавно-рекреативни настани и емисии, Агенцијата за млади и спорт, преку јавен повик, ќе ги финансира приватните продукции и спортски здруженија, Буџет 61,5 мил, стр. 290.<br>- Во сите плански региони во Македонија да се формира по еден ресурсен центар за поддршка при основање и функционирање на граѓански организации. Буџет: 25 милиони денари, стр. 320;<br>- Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе **обезбеди буџетски средства за поддршка на невладиниот сектор во Македонија.** Овој **фонд** ќе има за цел да поддржи финансирање на проекти, како и **да ги поддржи невладините организации при апликации за кофинансирање на проекти**, од европски и други фондови, за коишто е потребен процент на учество од страна на невладините организации. Исто така, ќе воспостави процес на **транспарентно, мониторирано и кредибилно финансирање по строго утврдени услови**. Буџет: 550 милиони денари, стр. 322; |

## 5. Социјален дијалог

Три од партиите кои имаат подготвено програма за изборите го споменуваат социјалниот дијалог. Левица предлага право и **не репрезентативните синдикати** да присуствуваат на седниците на Економско – социјалниот совет, додека пак ВМРО-ДПМНЕ се залага за **целосно деполитизирање на социјалниот дијалог** и поттикнување на колективните преговори.

**Табела 8. Социјален дијалог**

| Пол. партија | Предлози за мандат 2020-2024 |
| --- | --- |
| Левица | - Право на присуство на не репрезентативните синдикати при колективно преговарање и на седниците на Економско-социјалниот совет, стр. 5;<br>- Поддршка на автентичното синдикално организирање, со охрабрување на работниците да формираат синдикати или да ги преземат во свои раце т.н. жолти синдикати кои ги штитат интересите на синдикалната бирократија, наместо интересите на работниците, стр. 5. |
| Глас за Македонија | - Политика на унапредување на работничките права и личните доходи на работниците во соработка и во рамките на трипартитниот дијалог на Владата со синдикалните организации и организациите на работодавачите, стр. 61; |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција „Обнова за МК“ | - Целта ќе биде целосно деполитизирање на социјалниот дијалог, поттикнување на колективните преговори, поддршка на синдикатите и организациите на работодавачи во нивно претставување и активности надвор од земјата, стр. 136;<br>- Ќе креира законски решенија и општествени услови за целосно деполитизирање на бипартитниот социјален дијалог во стопанството. Преку реформа на системот на регистрација на синдикатите и здруженијата на работодавачи целосно ќе се укине влијанието на МТСП во однос на формирање и функционирање на здруженијата на работници и работодавачи, стр. 137;<br>- Преку мрежата на контакти на меѓународно ниво ќе им помогне на синдикатите и здруженијата на работодавачи активно да се зачленат и вклучат во работата на сите тела и асоцијации кои го обединуваат овој тип организации на европско и меѓународно ниво, стр. 137. |

## Заклучоци

1. **Политичките партии се залагаат за воспоставување на соработка со граѓанското општество.** Во осум од деветте понудени изборни програми соработката со граѓанското општество е експлицитно предложена во насока на искористување на експертскиот потенцијал кој го поседуваат актерите на граѓанското општество со цел реализирање на предвидените секторските програми и проекти. Во три од понудените програми (СДСМ, Алијанса за Албанците и Алтернатива и ВРМО-ДПМНЕ) партиите предвидуваат посебни механизми за комуникација и дијалог. Граѓанското општество, со посебен насловен дел во изборните програми е издвоено кај три партии (Левица, Интегра и ВМРО-ДПМНЕ).

2. **Политичките партии го препознаваат граѓанското општество како чинител во градењето на националните политики,** но во најголем дел од предлог програмите ова препознавање е на ниво на општи заложби без детали и конкретни мерки. Партиите кои претендираат да го освојат новиот парламентарен мандат се залагаат да има поголемо вклучување на граѓанското општество во носењето на одлуки и закони и тоа во секторите: животна средина, здравство, млади, образование за возрасни. Во СДСМ се залагаат за воспоставување на посебен **„Delivery unit“** задолжен за проверка на легислатива и нудење на решенија во чие тело ќе учествува граѓанското општество. ВМРО-ДПМНЕ предлага прецизирана **деловничка обврска за задолжително вклучување на експертската и стручната јавност**, како и на граѓанските организации во работата на собраниските комисии. Алијанса за Албанците и Алтернатива предвидува формирање на **Фискален совет** во чие тело ќе учествуваат здруженијата на граѓани. Само ВМРО-ДПМНЕ предвидува во дел од предлозите и буџетска рамка за спроведување на истите.

3. **Мал број на партии предвидуваат подобрување на законските решенија за здруженијата и фондациите.** Партијата ДУИ се залага за воспоставување на регистер на организации кои работат со млади и за оваа активност предвидува и буџетски средства. Додека партијата ВМРО-ДПМНЕ се залага за донесување на **нов Закон за здруженија и фондации** и подобрување **на законската рамка за спонзорства и донации за НВО.** За жал, политичката партија Левица во својата изборна програма ја користи дерогирачката фраза **„десоросоизација на граѓанскиот сектор“** и со ова ја поттикнува црната кампања против граѓанскиот сектор од минатото.

4. **Финансиската поддршка за граѓанското општество е спомената во седум од деветте политички програми, но само во две политички програми експлицитно се спомнуваат износите на планираните средства.** Имено, партијата СДСМ предвидува зголемување на финансирањето на граѓанските организации со удел од 30% во вкупните приходи на организациите до 2024 година (околу 2 милијарди денари). Додека ВМРО-ДПМНЕ предвидува финансирањето на граѓанските организации да изнесува 500.000.000 денари. Во овие заложби постојат многу недоречености, како на пример: дали вкупно средствата за граѓанско општество ќе изнесуваат 2 милијарди денари до крај на мандатот или тоа се цели да се постигне во само една година за да биде удел од 30% во годишните приходи? Ако сумата од 2 милијарди денари е предвидена вкупно во целиот мандат на СДМС тогаш СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ не се разликуваат во предлог средствата за граѓанско општество. Дополнително партиите (СДМС, Глас за Македонија и ВМРО-

ДПМНЕ) предвидуваат реформа на процедурите за финансирање на граѓанско општество со цел воспоставување на транспарентно финансирање.

5. **Социјалниот дијалог на маргините во целокупната изборна понуда.** Три од партиите кои имаат подготвено програма за изборите (Левица, Глас за Македонија и ВМРО-ДПМНЕ) го споменуваат социјалниот дијалог и тоа во насока на работата на Економско социјалниот совет, вклучувањето на не репрезентативните синдикати и поттикнување на колективни преговори.

## Прилог 1. Веб страници на кои се објавени програмите на политичките партии

| **Политичка партија/коалиција** | **Веб страна** |
|---|---|
| ДПА | https://gurra-pdsh.org/2020/06/29/platforma-e-pdsh-se-2020-2024/ |
| СДСМ и коалиција Можеме | https://sdsm.org.mk/programa/mozeme<br>https://360stepeni.mk/video-programata-na-sdsm-i-koalitsijata-mozheme-i-na-znakoven-jazik/ |
| Левица | https://levica.mk/kratka-agitaciska-programa/ |
| Алијанса на Албанците и Алтернатива | / |
| Глас за Македонија | https://78ba36dd-fb31-462f-b8aa-e5de1bf7d306.filesusr.com/ugd/aec74e_3d51f5f134894a7cb0f5ebc2d34188f1.pdf |
| Интегра | https://integra.org.mk/%d0%b8%d0%b7%d0%b1%d0%be%d1%80%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d1%82%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0-2020/ |
| ДУИ | http://www.bdi.mk/programi2020/BDI-PROGRAMA-2020.pdf |
| Единствена Македонија | / |
| ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија | http://www.vmro-dpmne.org.mk/index.php/programa |